РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22-11-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11- | 136/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: ОПШТИНА БИТОЛА**
**СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ бр. 101/2019“) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Информација дали во период од 2018 -2023 година имате донесено политики, стратегии, акциски планови и друга документација во делот за заштита на животната средина и климатски промени?**
2. **Доколку имате, ве молиме наведете ни ги насловите на документите. (Доколку сте во можност документите доставете ни ги во прилог на одговорот.)**
3. **Доколку имате документи кои се изработени пред 2018 година во делот на животна средина, а се сеуште важечки ве молам да не информирате кои се тие документи?**
4. **Дали во годишните буџети на општината планирани се инвестиции/трошоци за спроведување на предвидени акции од споменатите документи?**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во_Скопје Датум__21.11.2023_година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита за животна средина

Бр.11-136/2
22.11.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-136/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
22.11.2023

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 23 -11- 2023
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 | 136/3 | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

23.11.2023 год.

Битола

До
Евгенија Чукалева
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-136/1 од 22.11.2023 година

Во врска со Барање бр.11-136/1 од 22.11.2023 година, а се однесува на информации поврзани со акциски планови, документација, стратегија и политики што се однесуваат на животната средина, Ве информираме дека:
Општина Битола секоја година преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина изработува Програма за животна средина со финансиски средства, а истата ја одобрува Совет при Општина Битола.
Во периодот за кој се обраќате односно 2018-2023 година Општина Битола ги има донесено следните стратешки документи:
1.Зелен катастар дел 1 и дел 2 – Закон за урбано зеленило
2.ЛЕАП – локален еколошки акционен план 2023-25 година- Закон за животна средина
3.Катастар на загадувачи- Закон за животна средина
4.План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух – Закон за квалитет на амбиенталниот воздух
5.Оперативен регионален план за управување со отпад- Закон за управување со отпад (ОРПУО е донесен во соработка со МЖСПП и Салар интернационал)
6.Локален акционен план за управување со отпад за Битола – Закон за управување со отпад (истиот е во завршна фаза и се изработува во соработка со МЖСПП и Салар интернационал)
7.Годишни програми за животна средина
8.Годишни Оперативни планови и програми за дератизација,дезинсекција
9.Годишни програми за благосостојна на животните – Закон за благосостојба на животните
10.Програми за управување со отпад 2023-2025 изработени во соработка со ЈКП Комуналец Битола
11.Физибилити студија за видео надзор на Град Битола

Во врска со останатите Ваши прашања, Ве информираме дека сите документи можете да ги најдете на страната на Општина Битола, истите се јавно достапни и транспарентно поставени на web страната.
Горенаведените стратешки документи се активни и политиката на Општина Битола преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина работи е да донесува и спроведува важечки документи согласно законската регулатива.
Со изготвувањето на Годишните буџети се планираат и инвестици/ трошоци за спроведување на предвидените акции од гореспоменатите документи.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-136/4
23.11.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] днесено на **22.11.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Информација за животна средина за период од 2018-2023?детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-136/1 од 22.11.2023
2. Допис до Одделение урбанистичко планирање и заштита за животната средина бр. 11-136/2 од 22.11.2023 година.
3. Одговор од Одделение урбанистичко планирање и заштита за животната средина бр. 11-136/3 од 23.11.2023 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 23.11.2023 година, под бр. 11-136/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**
______________________

**Евгенија Чукалева**
______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •